# ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

20-14/6
13. 07. 18

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 14 седница одржана на 28.06.2018 година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студискита програма Применета лингвистика втор циклус студии на Факултет за странски јазик при Универзитет ФОН Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Применета лингвистика втор циклус студии на Факултет за странски јазик при Универзитет ФОН Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 години (два семестри).

3. По завршените студии на англиски јазик на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер по применета лингвистика - насока применета лингвистика**
Научно - истражувачко подрачје: Општествени науки, Химанистички науки
Научно – истражувачко поле: 506.
Научно – истражувачко област: Сите области од наведените полиња..

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** ( I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

## О б р а з л о ж е н и е

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за странски јазик во Скопје, втор циклус студии, студиските програми „Применета лингвистика" на 27.01.2017 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на меѓуседница формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 14 седница одржана на 28.06.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски